Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-69/4
Датум: 10.02.2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-69/1 од 13.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] против Либерално-демократска партија, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-69/1 од 13.1.2025 година, поднесена од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted], против Либерално-демократска партија („**ЛДП**"), за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 13.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност од страна на [redacted] против Либерално-демократска партија.

Подносителот на претставката наведува дека до Либерално-демократската партија доставил уредна пријава за кандидирање за локални избори, со цел да ги оствари неговите права. Спротивно на законските и партиските акти, правото на кандидирање му било ускратено.
Во прилог на претставката како доказ беше доставена Пријава за кандидирање за локални избори 2025 година.

Согласно **член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.
Согласно со **член 24 став 2 од Законот**, доколку претставката не ги содржи потребните елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Од причина што во претставката не беа јасно и хронолошки наведени околностите и фактите врз основа на кои се темели претставката, а со цел да се постапи согласно истата, Комисијата на ден 15.1.2025 година испрати Барање за доуредување бр. 08-69/2 со кое побара од подносителот претставката да биде доуредена во насока што ќе даде јасен приказ на настаните. Дополнително, беше побарано образложение на кој начин подносителот смета дека неговата национална или етничка припадност влијаела на дискриминаторскиот третман.

На ден 31.1.2025 година подносителот достави дополнување на претставката со бр. 08-69/3 со кое известува дека ќе постапи по насоките на Комисијата за спречување и заштита од

дискриминација и поднесената претставка ќе ја дополни, во оној момент кога ќе настанат услови, со судска одлука на Европскиот суд за човекови права.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]